# *ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ТЕТЕКС АД ТЕТОВО*

2024 ГОДИНА

Јануари, 2024 година

- ВОВЕД

Финансискиот план претставува годишна проценка на планираните приходи и расходи на Волнарскиот комбинат Тодор Ципровски Меџан – Тетекс АД Тетово за реализација на предвидените бизнис активности за 2024 година.

Финансиските извештаи тетекс АД Тетово ги изготвува согласно Меѓународните сметководствени стандарди и истите подлежат на ревизија од страна на независен овластен ревизор.

- ФАКТОРИ ОД ГЛОБАЛНО И МАКРОЕКОНОСКО ОКРУЖУВАЊЕ

Најновите видувања за идниот глобален економски раст се дека и понатаму се очекува постепено забавување на растот во 2024 година и умерено забрзување во 2025 година. Ризиците и натаму се претежно надолни и се поврзани пред сè со ефектите на досегашното затегнување на монетарната политика во светски рамки и евентуалното задржување на високите каматни стапки подолг период. Останатите ризици се однесуваат на зголемените геополитички тензии (главно поврзани со воениот конфликт меѓу Израел и Газа), натамошните трговски ограничувања, како и на евентуално послабиот раст на Кина и ефектите од климатските промени.

Во третиот квартал од 2023 година реалниот раст на БДП изнесува 1,2% на годишна основа, при минимален раст на квартална основа. Анализирано по компоненти, растот произлегува од нето-извозот, надополнет со натамошниот солиден раст и од личната потрошувачка. Во услови на речиси целосно исцрпување на притисокот од прехранбената и енергетската компонента, годишната стапка на инфлација главно произлегува од базичната компонента којашто исто така забавува. Покрај тоа, распонот во однос на инфлацијата во еврозоната и натаму се намалува и

значително се стесни во октомври, при поизразено забавување кај домашната инфлација во однос на еврозоната. Неизвесноста од времетраењето и крајниот ефект од привремените мерки врз домашните цени на храната, како и од идната динамика на цените на примарните производи на берзите сè уште постои и е висока.

- ПРОЕКТИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2024 ГОДИНА

| **ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2024 ГОДИНА** | |
|---|---|
| **(во илјади денари)** | |
| ***ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ*** | |
| **Приходи од продажба на производи и услуги** | 50.283 |
| **Останати оперативни приходи** | 42.300 |
| ***ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ*** | |
| **Потрошен материјал и енергија** | -5.800 |
| **Трошоци за вработени** | -27.000 |
| **Други трошоци од работењето** | -17.000 |

| | |
|---|---|
| **Трошоци за амортизација** | -3.400 |
| **Останати оперативни расходи** | -1.200 |
| **Набавна вредност на трговски стоки** | -14.500 |
| | |
| **Добивка/загуба од оперативно работење** | 23.683 |
| | |
| **Финансиски приходи** | 47.000 |
| **Финансиски расходи** | -90 |
| | |
| **Добивка/загуба пред оданочување** | 70.593 |

- *КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД на Финансискиот план за 2024 година со Финансискиот план за 2023 година и остварените резултати ЗА 2023 година*

| Ред бр | ПРИХОДИ | ПЛАН 2023 | РЕАЛИЗАЦИЈА 2023 | Индекс на реализација | ПЛАН 2024 | Отстапување ПЛАН 2024/ПЛАН 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од продажба на производи и услуги | 42.590.000 | 102.380.776 | 2,40 | 50.283.000 | 1,18 |
| 2 | Останати оперативни приходи | 47.673.000 | 275.296.755 | 5,77 | 42.300.000 | 0,89 |
| | | | | | | |
| | РАСХОДИ | | | | | |
| 1 | Потрошен материјал и енергија | 5.313.000 | 6.289.678 | 1,18 | 5.800.000 | 1,09 |
| 2 | Трошоци за вработени | 24.400.000 | 26.945.796 | 1,10 | 27.000.000 | 1,11 |
| 3 | Други трошоци ид работењето | 16.089.000 | 91.865.873 | 5,71 | 17.000.000 | 1,06 |
| 4 | Трошоци за амортизација | 2.600.000 | 3.521.497 | 1,35 | 3.400.000 | 1,31 |
| 5 | Останати оперативни расходи | 1.445.000 | 67.330.512 | 46,60 | 1.200.000 | 0,83 |
| 6 | Набавна вредност на трговски стоки | 16.028.000 | 159.815.468 | 9,97 | 14.500.000 | 0,90 |
| | | | | | | |
| 7 | **Добивка/загуба од оперативно работење** | 24.388.000 | 98.944.078 | 4,06 | 24.683.000 | 1,01 |
| | | | | | | |
| 8 | Финансиски приходи | 49.000.000 | 78.555.042 | 1,60 | 47.000.000 | 0,96 |
| 9 | Финансиски расходи | 120.000 | 1.519.671 | 12,66 | 90.000 | 0,75 |
| | | | | | | |
| 10 | **Добивка/загуба пред оданочување** | 73.268.000 | 98.944.078 | 1,35 | 70.593.000 | 0,96 |







- ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ПРИ ПРОЕКТИРАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ ЗА 2024 ГОДИНА

Проекцијата на приходите за 2024 година е направена врз основа на претпоставката дека микро и макроекономските фактори во опкружувањето во кое работи Друштвото ќе останат непроменети за истата година.

Согласно тоа, најголемо учество во приходите се очекува да имаат финансиските приходи, како и приходите од закуп на недвижен имот. Значајно учество се очекува да имаат и приходите од работењето на Царинскиот склади Варинскиот терминал.

Друштвото и во 2024 година очекува приходи од продажба на готови производи.

Со оглед на фактот дека дел од остварениот финансиски резултат за 2023 година се должи на капитална добивка од продажба на недвижен имот, Финансискиот план за 2024 година во делот на приходите е има поголема корелација со Финансискиот план за 2023 година, отколку со остварениот финансиски резултат за истата година.




- ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА РАСХОДИТЕ ЗА 2024 ГОДИНА

Проекцијата на расходите за 2024 година е заснована на претпоставката дека трошоците на Друштвото со постојнит деловни активности генерално имаат предвидлив и фиксен карактер, поради што не се предвидени некои отстапки од финансискиот план и фактички настанатите расходи во 2023 година.


Планирани расходи за 2024 Планирани расходи за 2023
60.000.000
50.000.000
40.000.000
30.000.000
20.000.000
10.000.000
0
Потрошен материјал и енергија
Трошоци за вработени
Други трошоци ид работењето
Трошоци за амортизација
Останати оперативни расходи
Набавна вредност на трговски стоки
Финансиски расходи
ПЛАН 2023
ПЛАН 2024